Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-272/1
Скопје, 24-01-2025 година

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" 24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Министерот за правда Игор Филков донесе:

# ОДЛУКА
**за избор на најповолен понудувач во постапка објавена со оглас број 20190/2024**

1. За најповолен понудувач за набавка на стоки – електрична енергија, се избра:

**„ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје"**

2. Се задолжуваат Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања да ја спроведат оваа Одлука.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година, прва измена на Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/2 од 05.11.2024 година, втора измена на Годишен план за јавни набавки бр. 05-345/3 од 08.11.2024 година, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на стоки – електрична енергија.

Министерството за правда врз основа на спроведената поедноставена отворена постапка за набавка на стоки, согласно член 49 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените 4 (четири) понуди од страна на 4 (четворица) економски оператори преку ЕСЈН, а согласно член 112 од Законот за јавни набавки, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Одлучено во Министерство за правда по спроведена поедноставена отворена постапка за набавка на стоки објавена со оглас број 20190/2024.

Правна поука: Согласно член 138 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе ЖАЛБА до Државната Комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува во електронска форма истовремено до Договорниот орган и до Државната Комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на примот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Igor Filkov

Digitally signed by Igor Filkov
Date: 2025.01.24 14:06:25 +01'00'

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut • МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË • Скопје-Shkup

Подготвил/а: м-р Марина Миновска, Раководител на одделение

Проверил/а: Сања Димовска, Помошник раководител на сектор



Министерство за правда на Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828